# Информација за јавноста

## „Предизвици со кои се соочуваат жените, мајките и децата Роми во пристапот до превентивната здравствена заштита"

Ромите во Р. Северна Македонија се соочуваат со понеповолна здравствена состојба од останатото население. Имено, новороденечката смртност помеѓу Ромите е за 1,5 пати повисока за разлика од Македонското население во 2017 година. Во истата година речиси 50% од смртните случаи кај Ромите се случиле пред 65-та година од животот, за разлика од 23% кај останатото население.

Превентивната здравствена заштита по однос на репродуктивното здравје, како и здравјето на мајките и децата е клучна во овозможување здрав почеток на животот и со тоа подобрување на здравјето на целото население. Преку работата на здруженијата[i] на во ромските заедници во општините Шуто Оризари, Делчево, Виница и Пехчево, ги утрвдивме клучните проблеми со кои се соочуваат Ромите при пристапот до здравствена заштита, со посебен фокус на репродуктивното здравје на жените и здравјето на мајките и децата.

По однос **општината Шуто Оризари** ги детектиравме следните клучни проблеми. Во општината Шуто Оризари 46 % од жените Ромки немаат одбрано матичен гинеколог, пред се поради фактот што во општината имаше само еден матичен гинеколог, кој потоа замина од општината. Останатите матични гинеколози се наоѓаат во другите општини и жените треба да се изложат на дополнителни трошоци и да одвојат повеќе време за да ги посетат. Дополнителна пречка претставуваше јазичната бариера, бидејќи матичниот гинеколог во Шуто Оризари не го зборуваше ниту македонскиот ниту ромскиот јазик. На 67% од жените Ромки кои посетиле гинеколог, при последната посета гинекологот им наплатил за услугите, кои според уредбите на Фондот за здравствено осигурување се бесплатни за пациентките. Сето ова води кон фактот дека само 31% од жените Ромки биле да направат превентивен гинеколошки преглед во изминатите 12 месеци. Останатите жени прават превентивни прегледи поретко, или воопшто не одат на превентивни прегледи, туку посетуваат гинеколог за време на бременост или кога имаат здравствени проблеми. Оваа состојба претставува сериозен ризик фактор по однос на репродуктивното и целокупното здравје на жените.

Според Програмата за скрининг на ракот на грлото на матката на Министерството за здравство, сите жени на возраст од 24 до 60 години треба да направат ПАП тест во период од три години. Меѓутоа само 2% од жените Ромки од Ш. Оризари направиле ПАП тест според оваа програма. Тоа се должи пред се на тоа што жените немаат одбрано матичен гинеколог, меѓутоа и поради тоа што само 5% од жените добиле покана да направат ПАП тест од својот матичен гинеколог, како што е

предвидено во програмата. Состојбата е уште попоразителна по однос на Програмата за скрининг на рак на дојка, каде само четири жени добиле покана да направат мамографски преглед, како што е предвидено во Програмата.

Во однос на здравствената заштита за време на бременоста, сите жени Ромки од Шуто Оризари кои се породиле во изминатите 3 години, вршеле здравствени прегледи за време на бременоста. Меѓутоа жените во просек прават 5 (пет) здравствени контроли за време на бременоста, иако според протоколите во Р. Северна Македонија, жените треба да направат минимум 8 (осум) здравствени контроли за време на бременоста. Оваа состојба може негативно да се одрази врз здравјето на мајката, како и врз правилниот раст и развој на плодот. Причини за тоа повторно е оддалеченоста на матичните гинеколози, наплаќањето од страна на матичните гинеколози дури и за прегледи за време на бременоста, како и отсуство на здравствена едукација помеѓу жените.

Сите жени Ромки последното породување го извршиле во здравствена установа, меѓутоа 22% од жените изразуваат одреден степен на незадоволство од добиените здравствени услуги за време на породувањето.

По породувањето и напуштањето на породилиштето, 91% од доенчињата биле однесени на здравствена контрола во првите месеци од животот. Меѓутоа сепак загруижува податокот што 9% од новородените не биле однесени на здравствена контрола во првите шест месеци од животот. Тоа пред се се должи на отсуство на здравствена информација и едукација во ромските заедници, по однос на здравјето и грижата на новороденчињата и доенчињата.  Исто така загрижува податокот дека 20% од новородените воопшто не биле посетени од патронажна сестра во првите 12 месеци од животот.

Во **општините Делчево, Виница и с. Црник (Пехчево)** ги детектиравме следните клучни проблеми. Иако 87% од жените имаат избрано матичен гинеколог, сепак дури 58% од жените не посетиле гинеколог за превентивен гинеколошки преглед во изминатите 12 месеци. Во Виница само 9% од жените направиле ПАП тест според Програмата за скрининг на грлото на матката. Ваквите состојби се должат на тоа што кај поголем дел од жените од Виница и жените од с. Црник матичниот гинеколог се наоѓа надвор од местото на живеење, како и поради наплаќањата од страна на матичните гинеколози. Исто така ниту една жена Ромка од Виница и Црник не добила покана за мамографски скрининг, согласно на Програмата за скрининг на рак на дојка на Министерството за здравство. Додека ваква покана добиле 44% од жените од Делчево.

Сите жени Ромки биле на здравствени контроли за време на последната бременост, меѓутоа загрижува податокот што во Виница ниту една жена не направила 8 (осум) контроли, согласно на протоколите.

Во однос на породувањето иако сите жени од Виница и Делчево се породиле во здравствена установа, сепак загрижува податокот што во с. Црник е нотиран случај на породување во домашни услови, без присуство на медицински персонал во последните 3 години. Оваа појава може да има сериозни негативни последици по здравјето на мајката и новороденото.

По породувањето, 20% од новороденчињата во Виница не биле посетени од патронажна сестра, иако услугите од патронажните сестри се важни за едукација на мајката и следење на растот и развојот на новороденото.

---

[i] Здружението за еманципација, солидарност и еднаквост на жените - ЕСЕ, Здружение за развој и унапредување на ромската заедница Романо Чачипе, НВО КХАМ и Иницијатива за развој и инклузија на заедниците – ИРИЗ од 2011 година работат на унапредување на здравјето на Ромите во општините Шуто Оризари, Делчево, Пехчево и Виница. Прикажаните податоци се прибрани од ромските домаќинства во периодот ноември – декември 2019 година.


Активноста е кофинансирана од ФООМ и Европската Унија

Содржината на овој документ е целосна одговорност на Здружение ЕСЕ и во ниту еден случај не ги одразува ставовите на ФООМ и на Европската Унија